Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши остранување на урбано зеленило (јавно зеленило) на 25 дрвја ( јавори) на б**ул ''8. Септември ''– Скопје**
2. Отстранувањето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Отстранувањето да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.
4. Се обрзува, ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.во рок од 7 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 25 дрва постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено пресадувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, извршија непосреден увид на посочената локација на ден **25.04.2023** година. При тоа е утврдено дека дрвјата се суви и постои потенцијална опасност од паѓање и причинување на материјална или друга штета.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за остранување на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата се во состојба што треба да се отстранат и при тоа е одлучено наместо отсранетите дрва да се засадат нови садници на парцела каде што е извршено отстранувањето.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**26.04.2023** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр**14-Сл**/2. од 26.04.2023 донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
**2**. Решението бр. бр**14-Сл**/2. од 26.04.2023 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3.Ова решение е конечно и ивршно.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по службена должност овој орган, има направено увид на ден **25.04.2023** година. При увидот е утврдено дека дрвата, се суви и постои потенцијална опасност од паѓање и причинување на материјална или друга штета
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од, остранување на 25 дрвја ( јавори) бидејќи истите се суви и претставуваат потенцијална опасност за што постои јавен интерес и наместо нив да се засадат нови дрва, за што истоа така постои јавен интерес па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитот,

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр. 14-Сл/3**
**26.04.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

_______________